РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 24-150/5
08.04 2025 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ 32/20, 11/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Градоначалникот на општина Кривогаштани донесе:

ПОТВРДА

Се одобрува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 ОД Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со намена на градбата Б2-Големи трговски единици со тех.број 42/25 од Февруари 2025 година изработен од “Студио Џон и Џони” ДОО подружница Скопје.

Образложение

Барателот општина Кривогаштани поднесе Барање за одобрување за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 ОД Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со намена на градбата Б2-Големи трговски единици со тех.број 42/25 од Февруари 2025 година изработен од “Студио Џон и Џони” ДОО подружница Скопје.

Претходно Комисијата за Урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Кривогаштани со Решение бр.09-1417/1 од 31.12.2025 година изготви позитивно мислење бр.24-150/4 од 19.03.2025 година по што констатира дека нема забелешки во изработката на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 ОД Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани изработен од “Студио Џон и Џони” ДОО подружница Скопје.

Градоначалникот на општина Кривогаштани по извршениот увид во приложената документација и по претходно донесената Одлука од Совет на општина Кривогаштани бр.08-485/6 од 04.04.2025 година, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање и врз основа на член 62 став 10 (Сл. весник на РСМ 32/20, 11/23, 171/24, 224/24 и 40/25) ја издава Потврдата како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Потврда, Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Изработил:
Гоце Нашкоски

Градоначалник
на Општина Кривогаштани
Никодие Мискоски

Република Северна Македонија
Општина Кривогаштани